# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Сл.Весник на Р.Македонија бр.127 од 05.12.2006 година

**Член 1**

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004) во членот 3 по точката 4 се додава нова точка 4-а, која гласи:
,,4-а. Извод од лиценцата е исправа што ја издава органот надлежен за издавање на лиценци за секое возило и содржи податоци за: органот што ја издава лиценцата, превозникот, даночен број на превозникот, број на лиценцата и рок на важење, регистарски број и тип на возилата, вид на превозот што може да се врши со возилото согласно со издадената лиценца, дата на издавање и потпис и печат на овластено лице;".

Точката 38 се менува и гласи:
„Товарен лист е документ во кој се содржани податоци за видот на превозот, фирмата, односно името и седиштето на превозникот, име и презиме на возачот, податоци за правецот на возење и регистарски број на возилото, а се употребува при извршување на превозот на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај."

**Член 2**

Во членот 5 ставот 3 се менува и гласи:

„Проверка на исполнетоста на посебните техничко-експлоатациони услови на возилата со кои се вршат одделни видови на превоз во патниот сообраќај вршат овластените станици за вршење на технички преглед за регистрациј а на возила, согласно со прописите за безбедност во сообраќајот. "

По ставот 3 се додаваат три нови става 4, 5 и 6, кои гласат:

„Правното лице од ставот 3 на овој член е должно проверката да ја врши стручно и во целост согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
За возилата што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови правното лице од ставот 3 на овој член издава потврда.
Формата и содржината на потврдата од ставот 5 на овој член ја пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 3**

Во членот 6 ставот 1 се менува и гласи:

„При вршењето на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, превозникот е должен во возилото да има уредно пополнет патен налог, од кој мора да бидат видливи податоците за видот на превозот, назив на фирмата, односно име и седиште на превозникот, главни податоци за почетокот на релацијата и крајната дестинација на превозот, регистарскиот број на возилото, состојбата на километражата на почетокот и на крајот на превозот, бројот на поминати

километри, број на превезени патници, односно количината на стоката што се превезува и печат и потпис на лицето кое го издало налогот."

**Член 4**

Членот 8 се менува и гласи:

„Лиценца од членот 7 на овој закон може да добие домашно правно или физичко лице (во натамошниот текст: превозник), ако ги исполнува следниве услови:

1) да е впишан во Централниот регистар и да има регистрирано претежна дејност:вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај;

2) да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за одделни видови на превоз или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз, при што за меѓуопштинскиот и меѓународниот линиски превоз на патници да е сопственик или да има договор за лизинг од најмалку две возила со капацитет од најмалку 22 + 1 седиште по возило, а за посебниот линиски превоз на патници да е сопственик или да има договор за лизинг за најмалку едно возило со капацитет од најмалку 8 + 1 седиште;

3) да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило (автобуси, товарни возила) што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;

4) да има вработено авто-такси возачи;

5) во возилото со кое се врши авто-такси превоз на патници да има вградено фискален апарат;

6) управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност;

7) да располага со сопствен капитал од најмалку 2.000 евра во денарска противвредност по возило;

8) да не е во сила правосилната судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај;

9) да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возилата со кои ќе го врши превозот, како и места за задржување на возилата за време кога истите не се користат, или договор заверен на нотар за обезбедено право на користење на таков капацитет за период од најмалку четири години и

10)да има вработено возачи кои имаат сертификат за учество во меѓународниот превоз на патници и стоки.

Одредбите од ставот 1 точка 7 на овој член не се однесуваат за добивање на лиценца за вршење на превоз во внатрешниот патен сообраќај.

Одредбите од ставот 1 точка 9 на овој член не се однесуваат за добивање на лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници.

Одредбите од ставот 1 точка 10 на овој член се однесуваат само за добивање на лиценца за меѓународен превоз на патници и стока.

Начинот и постапката за добивање и одземање на лиценцата за одделни видови на превоз, како и за продолжување на лиценцата за авто-такси

превоз на патници, ги пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 5**

По членот 8 се додаваат два нови член 8-а и 8-б, кои гласат:

"Член 8-а

Сертификатот од членот 8 став 1 точка 6 на овој закон го издава Министерството за транспорт и врски врз основа на уверение за положен испит за професинална компетентност.

Стручното оспособување на кандидатите за добивање на сертификат за професионална компетентност на управителот или овластеното лице одговорно за превоз го врши правно лице овластено од министерот за транспорт и врски, кое располага со:

- минимум 30 м2 простор опремен за одржување на обуката,
- информатичка технологија и друга опрема за водење на евиденција и
- минимум пет лица вработени во редовен работен однос со високо образование (економски, машински, сообраќаен, електро и правен факултет), со најмалку пет години работно искуство од областа на транспортот или лица кои поседуваат сертификат за обучувачи за професионална компетентност.

Испитот за професионална компетентност се полага пред комисија формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата се состои од пет члена од кои два члена се од Министерството за транспорт и врски, еден од Стопанската комора на Македонија, еден од здруженијата на превозници и еден од Сообраќајниот факултет.

Членовите на комисијата за својата работа добиваат надомест.

На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение за положен испит за професионална компетентност.

За полагање на испитот за професинална компетентност се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за: обука, литература, потрошен материјал, трошоци за испитната комисија и друго. Трошковникот го утврдува правното лице од ставот 2 на овој член по претходна согласност на министерот за транспорт и врски.

Начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност на управителот или од него овластеното лице одговорно за превоз , формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот за професионална компетентност, ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 8-б

Сертификатот од членот 8 став 1 точка 10 на овој закон го издава Министерството за транспорт и врски, врз основа на уверение за положен испит за учество на возачи во меѓународниот патен сообраќај.

Стручното оспособување на возачите за добивање на сертификат за учество во меѓународниот превоз на патници и стоки го врши правно лице овластено од министерот за транспорт и врски кое располага со:

- минимум 30 м2 простор опремен за одржување на обуката,
- информатичка технологија и опрема за водење на евиденција и

- минимум пет лица вработени во редовен работен однос со високо образование (економски, машински, сообраќаен, електро и правен факултет) со најмалку пет години работно искуство во областа на транспортот.

Испитот за добивање на сертификат од ставот 1 на овој член се полага пред комисија формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата се состои од пет члена од кои два члена се од Министерството за транспорт и врски, еден од Стопанската комора на Македонија, еден од здруженијата на превозници и еден од Сообраќајниот факултет.

Членовите на комисијата за својата работа добиваат надоместок.

На кандидатите кои го положиле испитот за добивање на сертификат за учество на возачи во меѓународниот патен сообраќај им се издава уверение.

Кандидатите за полагање на испитот плаќаат надоместок.

Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за обука: литература, потрошен материјал, трошоци за испитната комисија и друго. Трошковникот го утврдува правното лице од ставот 2 на овој член по претходна согласност на министерот за транспорт и врски.

Начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање на сертификат за учество на возачи во меѓународниот патен сообраќај, формата и содржината на уверението за положен испит и на сертификатот, ги пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 6**

Членот 9 се менува и гласи:

„Лиценците и изводот од лиценците за секое возило со кое ќе се врши превозот предвидени со членот 7 од овој закон ги издава Министерството за транспорт и врски, освен лиценците и изводот на лиценците за општински превоз и авто-такси превоз на патници кои ги издава градоначалникот на општината, односно за градот Скопје градоначалникот на градот Скопје.

Лиценците и изводот од лиценците се издаваат со рок на важење од четири години, освен лиценците за авто-такси превоз на патници кои се издаваат со рок на важење од една година.

За лиценците што се издаваат со рок на важење од четири години, превозникот е должен во рок од шест месеца пред истекот на важноста на лиценцата да поднесе барање за издавање на нова лиценца до надлежниот орган за нејзино издавање во согласност со одредбите од членот 8 на овој закон.

Органот надлежен за издавање на лиценците за авто-такси превоз на патници на барање на превозникот ќе ја продолжи важноста на лиценцата, ако авто-такси превозникот ги исполнува условите пропишани со членот 8 од овој закон и приложи потврда за платен данок од вршење на дејноста.

За продолжување на лиценцата не се плаќа административна такса.

Органите од ставот 1 на овој член за издадените лиценци водат евиденција."

**Член 7**

Во членот 10 став 1 во петтиот ред по зборот "лиценца" се додаваат зборовите: "број на моторните возила со кои ќе го врши превозот за кои сака да добие извод од лиценцата, податоци за бројот на приклучните возила".

**Член 8**

Во членот 11 став 1 на крајот точката се брише и се додаваат зборовите: "и извод од лиценцата".

Во ставот 2 по зборот "лиценца" се додаваат зборовите: "и извод од лиценцата".

По ставот 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5, кои гласат:

„Превозникот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена за сите промени настанати во поглед на исполнувањето на условите за добивање на лиценца од членот 8 на овој закон да го извести надлежниот орган за нејзино издавање.

Превозникот е должен на органот за вршење на контрола да му обезбеди услови за вршење на контролата и да му ја даде на увид потребната документација.

За извршената контрола и констатираната состојба, инспекторот поднесува писмен извештај до надлежниот орган што ја издал лиценцата."

**Член 9**

Членот 12 се менува и гласи:

„Органот надлежен за издавање на лиценца ќе донесе решение за одземање на лиценцата, ако:

- превозникот доставил неточни податоци кои се потребни за издавање на лиценцата,
- утврди дека превозот се врши спротивно на издадената лиценца и
- превозникот престане да исполнува некој од условите пропишани за нејзино издавање.

Примерок од решението со кое лиценцата е одземена се доставува до Државниот инспекторат за транспорт, односно овластениот инспектор на општината или овластениот инспектор на градот Скопје за патен сообраќај.

Против решението донесено од министерот за транспорт и врски може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на транспортот и врските.

Против решението донесено од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Превозникот е должен по правосилноста на решението со кое му е одземена лиценцата, веднаш, а најдоцна во рок од осум дена да ја врати лиценцата и сите изводи од лиценцата на органот што ги издал."

**Член 10**

Во членот 13 ставот 1 се менува и гласи:

„Министерството за транспорт и врски, односно општината или градот Скопје се должни да водат евиденциј а за превозниците и моторните возила регистрирани за вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај во зависност од видот на превозот."

Во ставот 2 по зборот „врски" се додаваат зборовите: „општината или градот Скопје".

**Член 11**

Во членот 14 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Општината, односно градот Скопје се должни да прибираат, обратуваат, чуваат и користат податоци потребни за издавање на лиценци за општински линиски превоз на патници или за авто-такси превоз на патници."

Ставот 3 станува став 4.

Во ставовите 4 и 5 кои стануваат ставови 5 и 6 бројот "3" се заменува со бројот "4".

Ставот 6 станува став 7.

**Член 12**

Членот 16 се менува и гласи:

„Министерството за транспорт и врски, односно општината или градот Скопје ќе го брише превозникот од евиденција на превозници, ако утврди дека превозникот е бришан од Централниот регистар, му престанала важноста на лиценцата, односно му биде одземена лиценцата за вршење на одделен вид на превоз во патниот сообраќај.

Бришењето се врши со денот кога превозникот е бришан од Централниот регистар, со денот на престанок на важноста на лиценцата, односно со денот на правосилноста на решението со кое лиценцата е одземена."

**Член 13**

Во членот 18 во вториот ред зборовите: „ќе добијат" се заменуваат со зборот „имаат".

**Член 14**

Во членот 19 став 1 по зборот „Скопје" точката се брише и се додаваат зборовите: „за подрачјето на градот Скопје".

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Формата и содржината на дозволата од ставот 2 на овој член ја пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 15**

Членот 23 се менува и гласи:

„Една или повеќе општини со седиште во село со општина со седиште во град утврдени со закон кон која гравитираат, можат заеднички да го организираат вршењето на линискиот превоз на патници.

Начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници од ставот 1 на овој член општините го

утврдуваат со спогодба.

Спогодбата од ставот 2 на овој член особено содржи:

- единствена мрежа на линии,
- единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување,
- локација на автобуски стојалишта, нивно обележување, опремување, одржување и користење,
- тарифен систем и систем на наплата и
- критериуми и начин за издавање и одземање на дозволата за вршење на превозот и распределување на возните редови утврдени во единствената мрежа на линии на превозниците од општините кои се согласиле заеднички да го организираат линискиот превоз на патници на нивните подрачја.

Општините кои склучиле спогодба за заедничко организирање на линискиот превоз на патници примерок од спогодбата задолжително доставуваат до Министерството за транспорт и врски."

**Член 16**

Членот 24 се менува и гласи:

„Меѓуопштински линиски превоз на патници може да врши само превозник кој има лиценца за вршење на овој вид на превоз.

Меѓуопштинскиот линиски превоз на патници се врши на одредена линија по однапред одобрен возен ред и утврдена и објавена цена на превозот.

Меѓуопштинскиот линиски превоз на патници може да се врши како патнички, директен и брз."

**Член 17**

По членот 24 се додаваат два нови члена 24-а и 24-б, кои гласат:

**"Член 24-а**

Одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии врши Министерството за транспорт и врски по барање на заинтересираните превозници.

За одобрување на возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии, Министерството за транспорт и врски секоја година објавува оглас заклучно со 15 јануари во тековната година.

Право да учествуваат на огласот имаат сите превозници кои имаат лиценца за меѓуопштински линиски превоз на патници.

Кон барањето за одобрување на нов возен ред, односно промена на одобрен возен ред за определена линија, превозникот е должен да ги приложи следниве документи:

- копие од лиценцата за меѓуопштински линиски превоз на патници,
- копие од сите возни редови за линии што му се одобрени,
- број на возила (сопствени или по договор за лизинг), со кои располага со капацитет од најмалку 22 + 1 седиште по возило што ги исполнуваат посебните техничко- експлоатациони услови за возила за вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници,

- предлог на возен ред за линијата изготвен на пропишан образец и
- број на вработени возачи во редовен работен однос во зависност од бројот на возилата со кои ќе го врши превозот (минимум по еден возач по возило), што ги исполнуваат условите предвидени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.
Постапката за одобрување на возни редови за нови линии или за промена на веќе одобрените линии ја спроведува комисија формирана од министерот за транспорт и врски, во рок од 30 дена по завршувањето на огласот.
Комисијата од ставот 5 на овој член за својата работа поднесува извештај и предлог на листа на одобрени, односно одбиени барања до министерот за транспорт и врски, во зависност од должината на линијата и временското растојание на одржувањето. Врз основа на одобрените листи министерот за транспорт и врски донесува решение со кое возниот ред на линијата се одобрува или барањето се одбива.
Против решението од ставот 6 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на транспортот и врските.
Комисијата од ставот 5 на овој член се состои од пет члена од кои три члена се од Министерството за транспорт и врски и два члена од здруженијата на превозници од патниот сообраќај.
Комисијата од ставот 5 на овој член за својата работа добива надоместок.
Начинот, постапката и поблиските критериуми за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници, формата и содржината на образецот на дозволата и на возниот ред, ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 24-б**

Одредбите од членот 24-а на овој закон соодветно се применуваат и на постапката за одобрување на возни редови за нови линии или промена на одобрени линии во меѓународниот превоз на патници.‟

**Член 18**

Во членот 25 ставот 1 се менува и гласи:

„Превозникот со вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници може да отпочне по добивање на дозвола за определена линија издадена од Министерството за транспорт и врски."

**Член 19**

Во членот 26 ставови 4 и 5 во третиот ред зборот „заверениот" се заменува со зборот „регистрираниот ".

**Член 20**

Во членот 35 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Превозникот е должен да го завери патниот налог на секоја автобуска станица одобрена во возниот ред и дозволата за определена линија."

**Член 21**

Членот 37 се менува и гласи:

„Меѓународниот линиски превоз на патници на територијата на Република Македонија може да се извршува врз основа на дозвола што ја издава Министерството за транспорт и врски.

Дозволата се издава на барање на домашниот и странскиот превозник. Кон барањето превозниците се должни да приложат возен ред, ценовник итинерер, договор заверен на нотар за заедничко одржување на превозот и други прилози определени со меѓународна спогодба.

Странскиот превозник барањето за издавање на дозволата го доставува преку надлежниот орган на државата во која возилото е регистрирано.

Министерството за транспорт и врски ќе издаде дозвола за делот од линијата која поминува низ територијата на Република Македонија откако ќе ги добие сите дозволи од државите низ кои линијата поминува.

Составен дел на дозволата се заверен возен ред, ценовник и итинерер.

Дозвола нема да се издаде ако превозникот не ги исполнува условите за нејзино издавање предвидени со овој закон, поблиските прописи донесени врз основа на овој закон и одредбите од меѓународните спогодби.

Министерството за транспорт и врски води регистар за издадените дозволи за меѓународни линии.

Формата и содржината на регистарот од ставот 7 на овој член ја пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 22**

Во членот 41 ставовите 1 и 2 се бришат.

Во ставот 3 кој станува став 1 зборовите: „и превезени патници" се бришат, а во осмиот ред зборот „дописот" се заменува со зборот „описот".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Ако домашниот превозник не достави извештај за извршените превози во рокот од ставот 1 на овој член министерот за транспорт и врски ќе донесе решение за одземање на дозволата.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на транспортот и врските."

**Член 23**

Во членот 42 ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

**Член 24**

Членот 43 се менува и гласи:

„Посебен линиски превоз на патници е превоз само на определена група патници со исклучување на други патници.

Со посебниот линиски превоз на патници се врши превоз на ученици од дома до училиште и обратно и на работници од дома до местото на работа и обратно.

Посебниот линиски превоз на патници се врши со автобуси, а може да

се врши и со патнички возила со 8 + 1 седиште, врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу правно лице кое го нарачува превозот и превозникот.

Составен дел на договорот за извршување на превозот е списокот на патниците кои се превезуваат.

При извршувањето на посебниот линиски превоз на патници во возилото мора да се наоѓа дозволата и договорот со списокот на патници."

**Член 25**

Членот 44 се менува и гласи:

„За извршување на превозот од членот 43 на овој закон превозникот мора да прибави дозвола.

Ако превозот се врши меѓу две или повеќе општини дозволата ја издава Министерството за транспорт и врски.

Против решението од ставот 2 на овој член со кое се одбива барањето за издавање на дозвола за вршење на посебен линиски превоз на патници, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од обласата на транспортот и врските.

Ако превозот се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје дозволата ја издава градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје.

Против решението од ставот 4 на овој член со кое барањето се одбива може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Формата и содржината на дозволата за посебен линиски превоз на патници ја пропишува министерот за транспорт и врски.

Кон барањето за издавање на дозволата превозникот е должен да достави:

- копие од Централниот регистар дека е регистриран за вршење на дејност-превоз на патници во патниот сообраќај,
- доказ дека поседува најмалку едно возило во сопственост или по договор за лизинг кое ги исполнува посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на превоз на патници,
- договор склучен со правно лице со список на патниците што ќе се превезуваат,
- временски термини за поаѓање и враќање во кои ќе се врши превозот и
- вработени возачи во редовен работен однос кои ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Дозволата се издава со рок на важење за кој се договориле превозникот и нарачателот на превозот, а најдолго за период од една година.

Патниците кои се превезуваат со овој вид на превоз мора кај себе да имаат доказ за идентификација."

**Член 26**

Членот 45 се брише.

**Член 27**

Членот 52 се менува и гласи:

" Авто-такси превозот се извршува врз основа на лиценци.

Со авто-такси превозот се превезуваат патници внатре во подрачјето определено со лиценцата.

Со авто-такси превозот можат да се превезуваат и патници од подрачјето определено во лиценцата до друга општина или до градот Скопје, при што во спротивен правец можат да бидат превезени само патниците кои биле одвезени."

**Член 28**

Во членот 54 став 1 по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

"- максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници;".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Определените такси станици можат да ги користат само авто-такси превозниците кои имаат лиценца од општината на чие подрачје имаат седиште."

**Член 29**

Членот 57 се менува и гласи:

"Правното или физичко лице кое управува со автобуската станица е должно да дава услуги под еднакви услови на сите превозници кои вршат линиски превоз на патници.

За користење на услугите на автобуската станица превозниците плаќаат надоместок.

Висината на надоместокот за користење на услугите на автобуската станица ја определува Владата на Република Македонија во зависност од категоријата на станицата и видот на превозот (меѓуопштински линиски и слободен превоз на патници и меѓународен линиски и слободен превоз на патници).

Автобуските станици се категоризираат во четири категории и тоа прва, втора, трета и четврта.

Категоризацијата од ставот 4 на овој член ја определува Министерството за транспорт и врски во зависност од: нивната опременост, сообраќајните површини наменети за прием и отпремање на автобусите, работното време, паркинг просторот наменет за задржување на возилата кога се во мирување и други придружни содржини кои функционираат во просторот на автобуската станица.

Потребната опрема и начинот на определувањето на категоријата на автобуските станици ги пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 30**

Во членот 68 ставот 2 се менува и гласи:

"Постапката, критерумите и начинот на распределба на дозволите за

меѓународен превоз на стока, ги пропишува Владата на Република Македонија."

**Член 31**

Во членот 69 по ставот 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4, кои гласат: "За добивање на ЦЕМТ дозвола превозникот покрај условите од ставот 1 на овој член мора да приложи и сертификат за подготвеност за сообраќај на возилата.

Сертификатот од ставот 2 на овој член го издава правно лице регистрирано за дејност проверка и испитување на возила, овластено од министерот за транспорт и врски, кое за вршење на дејноста, располага со соодветен простор, технички уреди за вршење на дејноста и има најмалку пет лица во редовен работен однос со високо образование (машински, сообраќаен и електро технички факултет) и најмалку пет години работно искуство во струката.

Поблиските критериуми за просторните, техничките уреди, како и формата и содржината на сертификатот ги пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 32**

По членот 69 се додава нов член 69-а, кој гласи:

**"Член 69-а**

Министерството за транспорт и врски ќе ги исклучи од распределба на ЦЕМТ дозволи во следните две години сите превозници за кои е донесена правосилна пресуда дека извршиле злоупотреба на дозволите.

За злоупотреба на ЦЕМТ дозволата од ставот 1 на овој член ќе се смета, ако превозникот:

- направил какви било измени во податоците внесени во дозволата или фалсификувал дозвола,
- дозволата не ја користел во согласност со нејзината намена или ја отстапил на друг превозник и
- не ја вратил одземената ЦЕМТ дозвола по правосилноста на решението со кое му била одземена.

Од распределбата на дозволи од ставот 1 на овој член ќе се исключи и превозник ако се утврди дека во попстапката за распределба доставил фалсификувана документација."

**Член 33**

Во членот 71 по зборот "дозвола" се бришат зборовите: "по претходно добиена согласност од Министерството за транспорт и врски".

**Член 34**

Во членот 80 ставот 2 се брише.

**Член 35**

Во членот 88 став 1 пред алинејата 1 се додаваат две нови алинеи, кои гласат: "- исполнувањето на условите за добивање на лиценца за меѓуопштински и меѓународен превоз на патници и стоки,

- исполнувањето на посебните техничко-експлоатациони услови на возилата за вршење на одделни видови на превоз,".

Во ставот 2 пред алинејата 1 се додава нова алинеја, која гласи:
"- исполнувањето на условите за добивање на лиценца за општински и авто-такси превоз на патници,".

Ставот 3 се менува и гласи:
"Доколку општината, односно градот Скопје не се во можност да го извршуваат инспекцискиот надзор може по нивно барање надзорот да го вршат државните инспектори за патен сообраќај. Трошоците за извршување на надзорот паѓаат на товар на општината, односно градот Скопје."

**Член 36**

Во членот 89 став 1 алинејата 1 се менува и гласи:
"- исклучување на возило од сообраќај, со одземање на сообраќајната дозвола, доколку се врши превоз пред впишување на дејноста во Централниот регистар или доколку превозникот нема лиценца за вршење на соодветен вид на превоз предвидено со овој закон,".

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:
"- исклучување на возило од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола доколку врши авто-такси превоз на патници надвор од подрачјето на општината, ако превозот се врши спротивно на одредбите на овој закон,".

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:
"- исклучување на возило од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола доколку превозникот врши посебен линиски превоз на патници меѓу две или повеќе општини без дозвола,".

Во ставот 1 алинеја 2 и ставови 5 и 6 зборовите: "и регистерски таблици" се бришат.

Во ставот 7 во третиот ред сврзникот "и" се брише и се става запирка, а по бројот "2" се додава бројот "и 3".

Во ставот 8 бројот "8" се заменува со бројот "9".

**Член 37**

Во членот 90 став 1 алинејата 1 се менува и гласи: "- исклучување на возило од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола, доколку се врши општински линиски превоз на патници и авто-такси превоз на патници пред впишување на дејноста во Централниот регистар или доколку превозникот кој е впишан во Централниот регистар нема лиценца за тој вид на превоз,".

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:
"- исклучување на возило од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола, ако превозникот врши посебен линиски превоз на патници на подрачјето на општината, односно градот Скопје, без дозвола за тој вид на превоз,".

Во ставот 2 во вториот ред по бројот "2" се брише сврзникот "и" се става запирка, а по бројот "3" се додава бројот "и 4".

Во ставот 1 алинеи 2 и 3 и во ставовите 2, 3 и 4 зборовите: "и

регистерските таблици" се бришат.

**Член 38**

Во насловот на Главата XI зборовите: "Казнени одредби" се заменуваат со зборовите: "Казнени и прекршочни одредби".

**Член 39**

По членот 95 се додава нов член 95-а, кој гласи:

**"Член 95-а**

Превозник кој ќе изврши злоупотреба на ЦЕМТ дозвола утврдена со овој закон со што би се стекнал со имотна корист на сметка на други лица, ќе се казни со парична казна од 1.000.000 до 3.000.000 денари, за кривично дело злоупотреба на ЦЕМТ дозвола.

Физичко лице кое врши јавен превоз без да е запишано во Централниот регистар за вршење на деј ност превоз на патници и стоки во патниот сообраќај со што се стекнува со имотна корист на сметка на други лица, ќе се казни со казна затвор до една година за сторено кривично дело, неовластено вршење на превоз на патници и стоки во патниот сообраќај."

**Член 40**

Во членот 96 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

"Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:".

Во точката 2 по зборот "во" се додава зборот "општинскиот", а во заградата се додаваат зборовите: "член 18".

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"За прекршокот од ставот 1 точки 1 и 2 на овој член покрај глобата на сторителот ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на возилото со кое се врши превозот."

Во ставот 2 зборовите: "парична казна" се заменуваат со зборот "глобата", а зборовите: "мерка на безбедност" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција".

Во ставот 3 зборовите: "парична казна" се заменуваат со зборот "глобата", а зборовите: "мерка на безбедност на вршење на дејност" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција, привремена забрана на вршење на дејност".

Ставот 4 се менува и гласи:

"За прекршокот од ставот 1 на овој член глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана на вршење на одговорни работи во траење од три месеца до една година."

**Член 41**

Во членот 97 став 1 воведната реченица се менува и гласи:

"Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:".

Во ставот 1 точката 3 се менува и гласи:
"при вршењето на општински линиски превоз на патници во возилото нема извод од лиценцата и дозвола (член 20 став 1);".

Ставот 2 се менува и гласи:
"За прекршок од ставот 1 на овој член глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице."

**Член 42**

Во членот 98 став 1 воведната реченица се менува и гласи:
"Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:".

Во ставот 1 точката 1 се менува и гласи:
"при извршување на превозот на патници и стоки во внатрешниот патен сообраќај и превозот на патници во меѓународниот патен сообраќај во возилото нема уредно пополнет патен налог (член 6 став 1);".

По точката 2 се додава нова точка 2-а, која гласи:
"2-а) врши качување и слегување на патници во линискиот општински превоз на патници на автобуски стојалишта спротивно на регистрираниот возен ред (член 21 став 1);".

По точката 8 се додава нова точка 8-а, која гласи:
"8-а) не го завери патниот налог на секоја автобуска станица одобрена во возниот ред и дозволата (член 35);".

Во точката 9 во третиот ред зборовите: "и превезените патници" се бришат.

Во точката 11 бројот во заградата "54" се заменува со бројот "55".

По точката 19 се додава нова точка 19-а, која гласи:
"19-а) не ги врати во пропишаниот рок сите примероци од дозволата која му е одземена (член 89 став 2);".

Ставот 2 се менува и гласи:
„За прекршок од ставот 1 на овој член глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице."

**Член 43**

Во членот 99 став 1 воведната реченица се менува и гласи:
„Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице трговец поединец, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:
„За прекршокот од ставот 1 точки 1, 3, 4, 7 и 8 на овој член покрај глобата на сторителот ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана на вршење на дејност во траење од три месеца до една година."

**Член 44**

По членот 99 се додава нов член 99-а, кој гласи:

**"Член 99-а**

Со глоба од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се казни

за прекршок физичко лице, ако:

1) врши јавен превоз на патници и стоки во внатрешниот меѓународен патен сообраќај без
да е впишан во Централниот регистар за вршење на оваа дејност и

2) на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекцискиот надзор, не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација (член 93).

За прекршокот од ставот 1 точка 1 на овој член покрај глобата ќе се изрече и посебна прекршочна мерка привремено одземање на возилото со кое се врши превозот во траење од три месеца до една година."

**Член 45**

По членот 100 се додава нов член 100-а, кој гласи:

**"Член 100-а**

Лицата кои имаат најмалку пет години работно искуство во транспортот како управител или овластено лице одговорно за превоз и високо образование, се ослободуваат од полагање на испитот за добивање на сертификат за професионална компетентност."

**Член 46**

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 47**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за превоз во патниот сообраќај.

**Член 48**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".